**2011017396**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД СО КРЕДИТНА ЛИНИЈА ЗА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународниот монетарен фонд со кредитна линија за претпазливост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2011 година.

Бр. 07- 645/1
3 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД СО КРЕДИТНА ЛИНИЈА ЗА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународниот монетарен фонд со кредитна линија за претпазливост во износ од 413.400.000 специјални права на влечење (600% од квотата), наменета за поддршка на Буџетот на Република Македонија.

Член 2

Рокот за отплата на секој повлечен износ од кредитната линија од членот 1 на овој закон е пет години и три месеци, со вклучен грејс период од три години и три месеци, односно секое повлекување од кредитната линија ќе се отплаќа во осум еднакви тримесечни рати, почнувајќи од вториот квартал од четвртата година од датумот на повлекувањето.

На повлечениот износ од кредитната линија до 300% од квотата, ќе се применува каматна стапка во висина на стапката на трошоци, која ја утврдува Меѓународниот монетарен фонд.

На повлечениот износ над 300% од квотата ќе се применува каматна стапка во висина на стапката на трошоци, која ја утврдува Меѓународниот монетарен фонд, зголемена за 2%.

За секое направено повлекување на Меѓународниот монетарен фонд ќе му се плаќа трошок за услуги во висина од 0,5%.

На износот на неповлечени средства ќе се плаќа годишна провизија во висина од 0,15% на првите 200% од квотата и 0,3% на неповлечениот износ над 200% од квотата.

Платената провизија на неповлечени средства ќе и се рефундира на Република Македонија до износот на направени повлекувања.

Член 3

Се овластува Народната банка на Република Македонија во својство на фискален агент на Република Македонија и депозитар на паричните средства на Меѓународниот монетарен фонд да ги прими и да ги трансферира средствата од членот 1 на овој закон на посебна сметка на Министерството за финансии, која за таа намена ќе биде отворена во Народната банка на Република Македонија.

Член 4

Средствата од кредитната линија од членот 1 на овој закон ќе се користат за поддршка на Буџетот на Република Македонија.

Член 5

Република Македонија, кредитната линија од членот 1 на овој закон ќе ја отплаќа со средства од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија ќе склучат Договор за регулирање на користењето и враќањето на средствата од членот 1 на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".